**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike RESURSET
ENERGJETIKE NACIONALE Shkup në pronësi shtetërore**

Бул.Св.Климент Охридски бр.58 б, Скопје
rr. Bulevard Sveti Kliment Ohridskinr. 56 b, Shkup
поштенски фах 583
Kutia postare 583
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ембс 6664903
NVAS 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 05-3459/1
26.11.2021 год.viti
Скопје-Shkup

Скопје, 25.11.2021 год.

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН
## за работа на НЕР АД Скопје за 2021 година

## - пречистен текст од 26.11.2021 година -

Скопје, ноември 2021 год.

Врз основа на член 17 од Статутот на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, Одборот на директори на шеесет и петтата седница, одржана на 26.11.2021 година, по точка 4 од дневниот ред го усвои:

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН за работа на НЕР АД Скопје за 2021 година**
**- пречистен текст од 26.11.2021 година -**

**Планирани Приходи**

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост е субјект основан од Владата на Република Северна Македонија за реализација на Проектот за изградба на гасоводен систем во Република Северна Македонија. Изградбата на магистралните гасоводи во Македонија е финансирана согласно следниве обезбедени и планирани финансиски средства:

- Пренесени средства од 2020 година во износ од 250.000.000,00 денари;

- Средствата во износ од 140.000.000,00 денари обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година преку Министерството за економија, Подпрограма 3Д-Гасификација, категорија 48 – Капитални расходи и ставка 482-Други градежни објекти;

- Средствата во износ од 747.000.000,00 денари согласно Буџетот на Република Северна Македонија, а обезбедени согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“, (“Службен весник на Република Македонија” бр. 193/2015). Согласно наведениот закон склучен е Договорот за заем помеѓу Министерство за финансии и Дојче банка АГ, филијала во Лондон и Ерсте банка АГ број 15-10888/1 од 10.12.2015 година, (Договор за заем), врз основа на кој Министерство за финансии на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија, Министерство за транспорт и врски и МЕР АД Скопје (денес НЕР АД Скопје) склучија Договор за подзаем.

- Средства во износ од 2.020.000.000,00 денари согласно Договорот за заем помеѓу Владата на Република Северна Македонија и НЕР АД Скопје со наш бр. 05-5347/1 од 25.12.2019 година, со цел обезбедување средства за идна можна купопродажба на акциите во ГА – МА АД Скопје.

НЕР АД Скопје е во процес на реализација на проектите за изградба на магистрални гасоводи во државата, кои гасоводи подоцна Друштвото ќе ги користи за извршување на основната дејност за реализација на приходите – цевоводен транспорт. Во периодот на градба на гасоводните мрежи, НЕР АД Скопје за своите оперативни расходи како и инвестициски вложувања ќе ги користи пренесените средствата од 2020 година, планирани средства во Буџетот на Р. С. Македонија за НЕР АД Скопје за 2021 година и средства од странски кредити со државна гаранција, додека средствата согласно Договорот за заем помеѓу Владата на Република Северна Македонија и НЕР АД Скопје се наменски и ќе се користат за идна можна купопродажба на акциите во ГА – МА АД Скопје.

Табела 1 – Планирани приходи и приливи на средства за 2021 година.

| Ред. бр. | ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1 | **I. Приходи и сопствени средства** | |
| 1.1. | Пренесени с-ва од 2020 година | 250.000.000 |
| 1.2. | Приходи од работењето | 0 |
| 1.3. | Други приходи од работењето (продажба на акции) | 140.000.000 |
| 2 | **II. Приливи** | |
| 2.1. | Приливи од странски кредити и заеми | 747.000.000 |
| 2.2. | Приливи од заем од РСМ (Наменски, за акциите на ГА-МА) | 2.020.000.000 |
| | **Вкупно** | **3.157.000.000** |

**Планирани расходи**

Планираните расходи наведени во Финансискиот план за работа на НЕР АД Скопје се сведени на основните потреби на Друштвото и усогласени со обезбедените средства за работа за 2021 година.

Распределбата на средствата по расходи и инвестиции кои се дефинирани во делот „Планирани приходи" во овој акт се согласно намената на средствата кои се обезбедени и дефинирани со законски и подзаконски акти и истите се прикажани во табела 2 и табела 3.

Табела 2 – Планирани расходи од работењето за 2021 година

| Ред. бр. | ОПИС – РАСХОДИ | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1 | **ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН МАТЕРИЈАЛ** | |
| 1.1. | Трошоци за материјали (канцелариски мат., мат. за чистење и сл.) - 401 | 500.000 |
| 1.2. | Трошоци за енергија (гориво за возило) - 403 | 700.000 |
| 1.2. | Трошоци за рез. делови и мат. за одржување - 405 | 200.000 |
| 1.3. | Трошоци за ситен инвентар - 408 | 50.000 |
| | | |
| 2 | **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | |
| 2.1. | Транспортни услуги - 410 | 610.000 |
| 2.2. | Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет - 411 | 1.020.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.3. | Услуги за одржување и заштита - 413 | 500.000 |
| 2.4. | Наем-лизинг - 414 | 2.150.000 |
| 2.5. | Комунални услуги - 415 | 200.000 |
| 2.6 | Останати услуги - 419 | 600.000 |
| | | |
| **3** | **ПЛАТА,НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | |
| 3.1. | Плата и надоместоци на плата-бруто (за администрација, управа и продажба) - 421 | 18.930.000 |
| 3.2. | Останати трошоци за вработените - 422 | 300.000 |
| | | |
| **4** | **ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | |
| 4.1. | Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци - 440 | 915.000 |
| 4.2. | Надоместоци на т-ци на вработените - 441 | 350.000 |
| 4.3. | Трошоци за надомест и други примања на членови на УО, НО, ОД и управители - 442 | 330.000 |
| 4.4. | Трошоци за репрезентација - 444 | 500.000 |
| 4.5. | Трошоци за осигурување - 445 | 200.000 |
| 4.6. | Банкарски услуги и трошоци за платен промет - 446 | 500.000 |
| 4.7. | Даноци кои не зависат од рез., членар. и др. давачки - 447 | 50.000 |
| 4.8. | Останати трошоци на работењето - 449 | 4.760.000 |
| **5** | **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | |
| 5.1. | Останати расходи од работењето - 469 | 100.000 |
| **6** | **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | |
| 6.1. | Расходи врз основа на камати од работење - 474 | 10.000 |
| 6.2. | Останати финансиски расходи - 479 | 11.200.000 |
| | | |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **44.675.000** |

Средствата потребни за расходи од работењето на НЕР АД Скопје за 2021 година се обезбедени од сопствени извори (основна главнина).

Табела 3 – Планирани инвестиции и набавки на основни средства за 2021 година

| **Ред. бр.** | **Рекапитулар за Инвестиции** | **Износ (денари)** |
|---|---|---|
| 1 | Основни средства за НЕР АД Скопје | 3.540.000 |
| 2 | Инвестиции од странски кредити (Обезбедени средства) | 747.000.000 |
| 3 | Дополнителни инвестициони вложувања и трошоци за проектите кои се во реализација (Градба на Магистрален гасовод Штип-Неготино, Неготино – Битола и Скопје - Гостивар) | 144.000.000 |
| 4 | Идни проекти | 187.785.000 |
| 5 | Вложувања во акции за зголемување на капиталот | 2.020.000.000 |
| 6 | Непредвидени инвестициски трошоци | 10.000.000 |
| | **Вкупно** | **3.112.325.000** |

**Согледувања и заклучоци**

Финансискиот план за работа за 2021 година на НЕР АД Скопје се базира на плановите и програмите за работа на Друштвото, средствата обезбедени преку приходи и приливи, засновани на работењето на Друштвото, како и препораките и укажувањата на Владата на Република Северна Македонија како единствен акционер на НЕР АД Скопје, а при неговата изработка запазени се законските и подзаконските регулативи во Република Северна Македонија.

Работењето на НЕР АД Скопје и исполнувањето на добиените генерални насоки во голема мера не зависи само од Друштвото, туку е поврзано и со други субјекти и зависи од нивниот однос и пристап. Поради тоа при изработката на Финансискиот план за работа за 2021 година е пристапено со крајно внимание. Притоа, во предвид се земени сите околности, водејќи сметка да бидат опфатени сите активности кои можат да се предвидат, а со тоа да се овозможи Друштвото во секој момент да биде подготвено за прифаќање и реализација на секој зголемен обем на работа што произлегува од реализацијата на Националната стратегија за гасификација на Република Северна Македонија.

Расходите и инвестиционите вложувања кои не се наведени во Финансискиот план за работа на НЕР АД Скопје за 2021 година, а кои претставуваат договорни обврски на Друштвото, по дефинирање на финансиските извори на средствата истите ќе бидат наведени во планот со измени и дополнувања на истиот.

НЕР АД Скопје сите измени и дополнувања на Финансискиот план за работа за 2021 година ќе ги евидентира со одлуки за измена и дополнување од Одборот на директори на Друштвото согласно потребите за прераспределба на средствата.

Изработил:
Виолета Анѓелеска Спасова,

Сектор за економско-финансиски работи

НЕР АД Скопје
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
Александра Маројевиќ